ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

ЗДРУЖЕНИЕТО „БАДНИКОВИ ПОВОРКИ“

ЗА ПЕРИОД: ЈАНУАРИ 2025 година – ЈАНУАРИ 2026 година

1. Основни податоци за Здружението „Бадникови поворки“

Здружението за возобновување на православните традиции „Бадникови поворки“ Скопје е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради организирање бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник 6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место), со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Божик.

Здружението „Бадникови поворки“ е основано во Скопје на седница на Основачкото собрание на Здружението на ден 09.02.2017 година, а истото е регистрирано во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица на ден 16.02.2017 година.

Органи на Здружението се:

- Собрание - највисок орган на Здружението, кое го сочинуваат сите полнолетни членови на Здружението;
- Претседател кој се избира со мандатен период од 4 години, со можност за реизбор. Актуелен претседател на Здружението е Милан Копчаревски;
- Извршен одбор кој се избира за мандатен период од 4 години. Актуелниот извршен одбор е составен од претседателот на здружението и основачите на здружението.

Основните цели и задачи на Здружението „Бадникови поворки“ се следните:

- Возобновување на старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се запознаат граѓаните на Република Македонија со старите православни традиции за прослава на Бадник;
- Да се обезбедат непречени услови за реализација на Бадниковите поворки како манифестација за Бадник;
- Да се остварат целите и задачите кои ќе бидат дополнително определени со плановите за работа на здружението.

Мисија на Здружението „Бадникови поворки“ е да организира бадникови поворки низ што поголем број населени места во Македонија кои секоја година, на ден Бадник

6-ти Јануари, преку организирани поворки низ улиците на секој град (населено место) со песна ќе го најавуваат големиот христијански празник Раѓањето Христово.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец декември 2018-та година беше регистрирано за вршење издавачка дејност во Централниот регистар на РМ.

На 18.10.2020 година, денот кога Бигорскиот манастир Св.Јован Крстител прославуваше 1000 години од своето постоење, на Здружението „Бадникови поворки“ му беше доделен Орден Претеча II Ред. Ова бесценото признание кое ни беше доделено им го посветуваме на околу 15 илјади деца и нивните семејства од над 40 градови и населени места во Македонија, на плејада пејачи и музичари, актери и други уметници, ансамбли, продукциски куќи, медиуми и компании кои во Бадниковите поворки препознаа вистинска вредност и шанса во ова тешко време на технолошка опседнатост кај децата, да разбудиме љубов, радост и живост, да ги возобновиме и да им ги пренесеме вистинските православни традиции поврзани со Христовото Раѓање. Овој Орден исто така го посветуваме и на Бигорскиот Манастир и на нашата Света Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија, без чиј благослов, поддршка и совети не ќе можевме со сигурност да кажеме дека сме на патот на Вистината.

Здружението „Бадникови поворки“ во текот на месец април 2021-та година беше регистрирано во Регистарот на вистински сопственици при Централниот регистар на РСМ.

Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи на свеченият предновогодишен прием во Македонската филхармонија на ден 22.12.2023 година го врачи највисокото признание „Вељо Манчевски“ на Здружението „Бадникови поворки“ за особен придонес во создавањето на трајни вредности, со следното образложение: Здружението Бадникови поворки веќе 14 години како народен, духовен и културен проект на граѓаните од православна вероисповед успеа во над 60 населени места ширум Републиката да ја возобнови древната традиција за Бадник да се пеат божиќни каланди, создавајќи празнична и топла атмосфера во радосното исчекување на Христовото Раѓање, со што се постигна највеличествено и највпечатливо прославување на Бадник во поширокиот регион. Благодарение на трудот на Здружението „Бадникови поворки“ кое во своите редови ги вклучи најреномираните

македонски пејачи, групи, ансамбли, оркестри, актери, режисери, спортисти и креативци, се создаде трајна вредност на новото време. Ризницата на бадниковите поворки бележи повеќе успешни целовечерни концерти, обновени и извлечени од заборав, но и ново создадени божиќни песни, чија порака е визуелизирана и со моќни видео спотови, организирани се голем број на хуманитарни акции, работилници и допрено е до илјадници луѓе, пружена е рака до секој, за сите да сме заедно, а никој да не е осамен во најубавиот период на годината. Црпејќи го благословот од Македонската православна црква – Охридска Архиепископија, како и поддршката од епархиите и значајниот поттик од Манастирот Св. Јован Крстител - Бигорски, Бадниковите поворки секоја година храбро исчекоруваат во нови достигнувања кои оставаат длабока трага.







2. Начин и период на изработка на Годишните извештаи за работењето на Здружението „Бадникови поворки“.

Со оглед дека мисијата на Здружението „Бадникови поворки“ е организирање и спроведување на Бадникови поворки кои што се одржуваат на ден Бадник, односно во месец јануари, сметаме дека е целисходно годишните извештаи да бидат изработени на начин што ќе го опфатат и месецот јануари од наредната календарска година. Поради оваа причина, годинешниот извештај дава приказ на сите активности кои што беа преземени во текот на 2025-та година и на почетокот на 2026-та година.

3. Реализирани активности во текот на 2025-та година и во месец јануари 2026 година.

3.1. Здружението „Бадникови поворки“ во текот на втората половина од 2025 година презема низа активности со цел реализација на неговата мисија, односно организирање на Бадникови поворки во 2026-та година.

Во првичниот период членовите на Здружението одржаа неколку состаноци на кои се разгледуваа начините за реализација на Програмата за дејствување на Здружението, се презентираа идеи за начинот на организирање на Бадниковите поворки во 2026-та година и се утврдуваа активностите на членовите на Здружението со насока на успешно организирање на поворките.

Членовите на Здружението се согласија слоганот за овогодинешната манифестација да гласи „Со Божикната радост, срца да стоплиме“. Овој слоган ја изразува желбата и стремежот празнувањата за Бадник и Божик да бидат целосно исполнети со заедништво, радост и љубов и за заедно да ја продолжиме убавата традиција на Бадниковите поворки.



Во таа насока, членовите на Здружението направија план за реализација на дискутираните идеи кои опфаќаа: активности за поставување на најголемата божиќна пештера во градот Скопје, како и барање донации за нејзина неопходна поправка и украсување, барање донации за изработка на божикните ѕвезди за секое дете учесник на поворките, припреми, дизајн и изработка на магнет подарок за секое дете учесник на поворките, проби и снимање на нови божикни каланди во студио, како и снимање на спот за истите, подготовка и снимање на детски серијал за вистинската смисла на Божик, организирање на флеш-мобови во трговските центри во Скопје, организирање на претстава-мјузик за деца во рамки на манифестацијата Бадникови поворки во Скопје и одржување на постојана комуникација и координација со претставници од сите градови и населени места во државата каде што се организираат Бадникови поворки.

3.2. Со цел да се обезбеди поголема информираност на граѓаните за преземените активности на Здружението и во текот на оваа година беа активни следните профили на социјалните мрежи: Fan страна на Бадникови поворки на Facebook, YouTube каналот Badnikovi Povorki и официјалниот профил на Бадникови поворки на Instagram.

Покрај тоа, во текот на 2024 година во употреба беше пуштена и официјалната веб страна на Здружението Бадникови поворки: www.badnikovipovorki.mk, каде навремено беа објавувани сите потребни информации поврзани со одржувањето на Бадниковите поворки во нашата држава, како и корисни содржини за нашите прекрасни традиции за празнување на Бадник и Божик.

3.3. Поконкретно, во текот на втората половина на 2025 година и почетокот на 2026-та година, од страна на Здружението „Бадникови поворки“ беа преземени следните активности:

- Од месец декември 2025 година на нашата официјална веб страна и на нашите официјални профили на социјалните мрежи Facebook и Instagram започнавме со споделување на материјали кои ни пристигнуваа од пробите кои што се одржуваа скоро во сите населени места каде дечињата се подготвуваа за Бадниковите поворки. Беше задоволство да се гледаат голем број на дечиња како ја вежбаат химната на Бадниковите поворки – песната Вечниот Бог, воедно сами правејќи божиќни ѕвезди за нив и нивните другарчиња кои учествуваа на поворките. Пристигнатите фото и видео материјали од сите градови на државата ни покажаа дека кај најмладите се повеќе се зголемува радоста во предпразничниот период, како и интересот за учество во Бадниковите поворки.











➢ На ден 23.12.2025 година, Здружението ,,Бадникови поворки" на плоштадот во градот Скопје ја постави најголемата божиќна пештера во Македонија, која од претходната година доби нов лик. Божиќната пештера – светлина што го милува градот, блеска како жива молитва. Со нејзиното поставување Скопје е прекрасно празнично украсено и дише со Божиќната тајна, а секој поглед кон пештерата е благослов и тивко „благодарам“.



- Во текот на втората половина од месец декември се снимаше божикниот серијал со наслов „Најубавиот подарок за Божик 2026“. Премиерата на првата епизода беше на нашиот јутуб канал на 29.12.2025 година, додека последната епизода беше објавена на 02.01.2026 година.

Божикниот серијал е создаден со љубов за децата и за сите нас кои сакаме да се потсетиме на вистинската смисла на Божик. Во четири кратки, но неизмерно топли епизоди (по 5–7 минути), ги раскажуваме најважните празнични приказни: за Витлеемската пештера (прва епизода), за Витлеемската ѕвезда (втора епизода), за Тројцата мудреци (трета епизода) и за Божикен подарок (четврта епизода).

Серијалот е реализиран од Ра-Ли продукција за Бадникови поворки, во режија на Владо Дојчиноски, со учество на деца кои со својата искреност и чистота, никого не може да остават рамнодушен. Овие приказни не се само за гледање, тие се за чувствување. За потсетување дека најголемите подароци не се во кутија, туку во срцето. Секоја епизода е мал семеен ритуал, момент за заедничко гледање, разговор и тивка радост, како и подготовка за радосниот период што следи.

Изразуваме огромна благодарност на сите кои беа дел од снимањето и создавањето на овој серијал – на дечињата, актерите, родителите, организаторите и сите соработници кои се вложија со срце во овој проект. Во овој серијал учествуваат: Владо Дојчиновски - актер, Деца: Сара Мицевска, Саша Јордановски, Нестор Дојчиновски, Миа Трајковска, Михаил Кондиќ. Сценарио: Воскресија Бадниковска, Владо Дојчиновски. Камера: Дарко Димитриевски, Светло: Драги Крстев, Тон:Радован Димитриевски, Монтажа: Дарко Димитриевски, Режија: Владо Дојчиновски.









➢ Кон крајот на месец декември започна снимањето на новата возобновена божикна песна песна „Сношти Христос ни се роди“ во студиото „Тра ла ла“ во Скопје. Песната е изведена според оригиналната изведба на "Љубојна" и хорот "Св. Козма Пречистански", по аранжман на Оливер Јосифовски.

Песната е снимена од најмладите членови на Бадниковите поворки како живо продолжение на традицијата и детската радост што Божиќ ја носи. Во оваа насока изразуваме огромна благодарност на сите учесници кои што го помогнаа и овозможија снимањето и објавувањето на оваа песна: Аудио снимање, микс и постпродукција: „Тра ла ла“ музичко студио, Скопје · 2025, снимател: Давор Јордановски, микс и мастер: Мите Димовски, музички продуцент: Мите Димовски, оркестрација: Александар Ицковски, музичко-уметнички координатор: Дарио Стојановски, изведба: Ансамбл „Симбиоза“.





Набрзо по снимањето на песната, беше снимен и видео запис, кој што беше објавен на на нашиот Јутуб канал на 8-ми јануари 2026 година. За снимање на видеото односно за сценарио, визуелен концепт и монтажа беа задолжени: Александар Тодороски и Давид Стојановски, на кои им изразуваме огромна благодарност за нивниот вложен труд, а истовремено изразуваме благодарност и до Diamond Mall и Старечки дом „Руски“ каде беа направени прекрасни кадри за спотот.

➢ Во втората половина на месец декември во студио беше снимен и нов музички запис за песната „Вечниот Бог“ од страна на Златно славејче. Овој пат записот е како самостојна изведба, со цел да послужи како едукативна алатка за сите образовни

центри, здруженија и организации кои работат со деца и ја пренесуваат божикната традиција на идните генерации.

- Во истиот период со длабока почит кон вековната духовна и народна традиција посветено се работеше на возобновување на уште една празнична новогодишна каланда во изведба на хорот „Митрополит Козма Пречистански“ од Кичево, посветена на празникот на Свети Василиј Велики и благословот на Новата година, за која беше изработен и прекрасен видео запис. Оваа каланда ја носи пораката за здравје, бериќет и духовна обнова, како што со генерации се пеела при новогодишните благослови од дом на дом. Текстот на новогодишната каланда обединува делови од старата Дебарско-реканска песна и новиот современ и многу поучен текст. Новогодишната каланда изразува еден достоинствен хорски аранжман, создавајќи топла празнична и духовна атмосфера за сите оние кои ја негуваат православната традиција.

Песната се снимаше во студиото на Димитар Андоновски, а аранжманот е на Владимир Димовски. Реализацијата на видео записот беше доверена на Стојан Стојановски - 2S Студио, со цел ова празнично дело да добие и силна визуелна приказна. Изразуваме огромна благодарност за трудот и посветеноста на сите учесници кои несебично се вложија во реализација на оваа активност. Видео записот за песната беше објавен на нашиот јутуб канал на ден 13 јануари 2026 година.

- На ден 26.12.2025 година пред Божикната пештера во градот Скопје беше одржана прес-конференција за медиумите на која беа објавени главните активности на овогодишната Божикна манифестација, по која Македонија стана препознатлива и надвор од своите граници. На почетокот на прес-конференцијата, координаторите на Здружението го изразија своето задоволство што, во време кога сè почесто се зборува дека вниманието на децата и младите е сè пократко, а вредностите се потиснати од брзиот ритам на живеење, токму Бадниковите поворки сведочат за спротивното. Податоците покажуваат дека интересот и учеството континуирано растат, а годинава повторно се најавува рекорден одзив. Со тоа, Бадниковите поворки уште еднаш го потврдуваат својот карактер како манифестација што преку трајните, суштински животни вредности го обединува народот и ги поврзува генерациите.

Посебно беше истакнато дека денес веќе не е потребно дополнително да се поттикнуваат општините за организирање работилници, изработка на божикни ѕвезди, проби или хуманитарни активности - тие активности веќе станаа природен дел од празничното живеење. Во таа насока, беше изразена благодарност до Министерството за култура, Град Скопје и сите општини кои континуирано ја поддржуваат манифестацијата и придонесуваат таа да стане препознатлива не само во земјата, туку и во регионот.



Во текот на прес конференцијата беа презентирани активностите на Здружението, се извести за планираните хуманитарни активности, за флеш-моб активностите предводени од Дарио Стојановски и младите музичари, кои се прават со цел да внесат празнична радост и топлина во секојдневието.

Понатаму беше ставен фокус на иновативните решенија и симболичните податоци кои ќе бидат поделени на Бадниковите поворки во Скопје односно Божикната ѕвезда и уметничкиот магнет. Во таа насока беше претставено и иновативното решение на графичкиот дизајнер Ангел Мицевски, кој повеќе години работи на развој на трајна божикна ѕвезда - симбол на Витлеемската ѕвезда.

Станува збор за конструкција што може да се отвора и затвора, лесно да се складира и повторно да се користи, со што ѕвездата добива ново значење - не како еднократен украс, туку како вредност што се пренесува низ генерации.

Дополнително, претставен беше и уметнички магнет, изработен од уметникот Драган Китановски - Драш, кој семејствата ќе го понесат како симболичен подарок од овогодинешните Бадникови поворки. Магнетот ќе претставува тивок, но постојан потсетник на божикната порака - љубов, заедништво и светлина што секој ја носи во себе.









Исто така посебен акцент беше ставен и на Божикната пештера, која претставува импресивно уметничко дело во кое се спојуваат традицијата, духовноста и современиот израз. Пештерата е изработена од познатиот вајар Зоран Тошески, во соработка со неговата сопруга Македонка и тим на волонтери, и веќе втора година по ред го привлекува вниманието на јавноста и медиумите. Таа се издвојува како едно од највпечатливите божикни решенија во регионот, задржувајќи ја автентичната порака на Рождеството Христово.

Во текот на прес-конференцијата беше известено за возобновувањето на две древни каланди - божикната „Сношти се роди Христос“ и „Новогодишна - василичарска каланда“ објавена во пресрет на Василица. Дополнително, беше известено и дека „Златните славејчиња“ подготвија нов музички запис за песната „Вечниот Бог“. А исто така беше известено и дека под уметничко раководство на актерот и режисер Владо Дојчиноски, реализиран е и божикен серијал од четири кратки приказни, наменети за најмладите, кои преку традиционалните медиуми и дигиталните платформи ќе ја пренесуваат пораката за значењето на Рождеството Христово.

Во продолжение на прес-конференцијата беа споделени сите информации поврзани со големата Бадникова манифестација на 6 јануари. Посебен акцент беше ставен на централниот настан во градот Скопје односно беа презентирани информации за времето и местото на тргнување на Бадниковата поворка, како и големата музичко-сценска изведба на плоштадот Македонија со наслов „Божикната авантура“ - со учество на повеќе од 40 актери, музичари, пејачи.



➢ Во духот на радосното очекување на Рождеството Христово, на ден 3 јануари 2026 година група млади музичари, предводена од Дарио Стојановски, го посети Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во Архиепископијата во Скопје, и ги испеа божикните каланди. Средбата помина во топла и благословена атмосфера, исполнета со искрени разговори за претстојните Бадникови поворки и радоста што тие ја носат во срцата на децата и семејствата, како жива најава за светлиот празник Христово Рождество.



➢ На ден 4 јануари 2026 група дечиња, со божикната пештера во рацете и со детска радост во срцата, пеејќи ја празничната каланда „Вечниот Бог“, го посетија Домот „Руски“ – дом за стари лица во населбата Ченто и Домот „Руски“ – дом за стари лица во Кадино. Со своите ангелски гласови и искрена насмевка, тие внесоа празнична топлина и божикна радост меѓу корисниците на домот, потсетувајќи на вистинската смисла на празникот – љубовта, заедништвото и грижата за ближниот. Оваа празнична средба уште еднаш покажа дека божикната порака најсилно се пренесува преку љубовта, вниманието и споделената радост, оставајќи длабока трага во срцата на сите присутни.







➢ Во духот на слоганот на Бадникови поворки 2026 – „Со Божикната радост, срца да стоплиме“, со особена љубов и внимание група дечиња учесници на Бадниковите поворки ги посетија и дечињата од СОС Детско село. Преку насмевки, топли зборови и празнична радост, успеавме да стоплиме многу мали срца, споделувајќи ја божикната порака на љубов, надеж и заедништво. Во тие искрени моменти, Божик не беше само празник, туку живо чувство што се пренесува од срце до срце.




➢ Овие празнични денови група дечиња исто така посетија и неколку фирми и компании каде носејќи ја Божикната пештера и пеејќи ја каландата „Вечниот Бог“ ја шириа божикната радоста и топлината што ја носи овој празник. Децата ги посетија фирмите: Жито Лукс АД Скопје, „Ненад Илиќ“, „Алони Трејд“, „Постолови Шпедиција“ и АВТО ИСПИТЕН ЦЕНТАР – КОНТРОЛ.





➢ Во предвечерието на Бадник на 5 јануари 2026 година група на деца од Бадниковата дружина во неколку градови - Скопје, Штип, Битола, Кичево и Охрид, се

собраа во своите маала и пеејќи ја божиќната каланда „Вечниот Бог“ започнаа со достојно прославување и навестување на празникот Рожденство Христово.

- 06.01.2026 година – Денот кој што со нетрпение го очекувавме, конечно пристигна. Македонија повторно го имаше највеличественият Бадник во регионот. Бадниковите поворки како форма на радосно здружување на децата кои после коледарењето во своите маала, се собираат на однапред договорено зборно место за заедно, свечено и достоинствено да поминат одредена патека пеејќи ја пригодната божиќна песна „Вечниот Бог“, оваа година се одржаа по 16-ти пат и опфатија повеќе од 70 градови и села во нашата земја и неколку места во дијаспората.

- Утрото група дечиња учесници на Бадникови поворки 2026 традиционално остварија свечена и благословена средба со Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, во Соборниот храм ,,Свети Климент Охридски" во Скопје. Храмот ечеше со „Вечниот Бог“ - стихови што не само што се пееја, туку се живееја, носејќи ја радосната вест за Христовото Рождество. Неговото Блаженство г.г. Стефан ги даруваше децата со архипастирски благослов и пригодни подароци, пренесувајќи ја пораката за верата, љубовта и духовната радост - вредности што Бадниковите поворки ги негуваат и пренесуваат веќе 16 години. Оваа средба уште еднаш ја потврди длабоката врска меѓу духовното наследство, народната традиција и новите генерации.



➢ Празничниот ден во градот Скопје продолжи со посета на нашата многупочитувана Претседателка д-р Гордана Силјановска Давкова, која во претседателската вила на Водно ги прими дечињата од составот „Златно славејче“. Со божикната песна „Вечниот Бог“, детските ангелски гласови ја исполнија средбата со радост, светлина и празнична возвишеност, најавувајќи го Христовото Рождество на најубав можен начин - искрено, чисто и со отворено срце. Следеше исклучително топла, срдечна и радосна средба, со што уште еднаш се потврди значењето на оваа традиција која ги спојува генерациите, ја зацврстува верата и ја буди надежта за поубава иднина.





➢ Во текот на утрото дел од учесниците на Бадникови поворки 2026 – млади музичари и коледари – остварија празнична посета и кај Градоначалникот на Град Скопје, Орце Ѓорѓиевски. Со божикните каланди и песната „Вечниот Бог“, младите музичари го пренесоа благословот и го најавија Христовото Рождество преку музика, топлина и љубов. Во текот на средбата беше нагласено значењето на Бадниковите поворки како жива традиција што ги обединува луѓето, ја негува духовноста и го чува идентитетот на градот и народот.



➢ Посети беа остварени и кај градоначалниците на општините во градот Скопје кои ги пречека и даруваа коледарчињата во своите општини споделувајќи ја радоста на празникот. Потоа, со организиран превоз, коледарчињата и нивните семејства се упатија кон централната манифестација во Скопје, а дождот не ги предомисли во нивната желба да дојдат и да присуствуваат на најголемата Бадникова поворка.

➢ Формирањето на поворката започна пред Музејот на Град Скопје, од 11:30 до 12:00 часот. Токму овде, на сите деца кои нема ѕвездичка, бесплатно им беше подарена Божикната ѕвезда, а сите учесници добијат и уметнички магнет со божикна порака – симболичен подарок за спомен од Бадникови поворки 2026, кој ќе ја продолжи празничната радост и по завршувањето на настанот, како и пригодни пакетчиња со слатки производи.




Со Бохиката радост,
срца да стоплиме!







- Точно во 12:00 часот, оформената бадникова поворка пеејќи ја песната „Вечниот Бог“, тргна од Музејот на Град Скопје и движејќи се по улица „Македонија“ пристигна на плоштадот „Македонија“, пред сцената поставена кај Божикната пештера.







➢ На сцената, како круна на целокупната манифестација, беше изведена „Божикна авантура“ – големата музичко-сценска изведба во живо, во која учествува повеќе од 40 музичари, актери, пејачи и „Златно славејче“. Ова сценско дело, преку музика, движење и симболика, предизвика силни емоции кај сите генерации присутни и се надеваме ќе остане долго во сеќавањето како заеднички момент на радост и светлина.




Бадникови
ајдворци


Бадникови
коледарки





➢ Во овој дел тимот на Бадникови поворки изразува особена благодарност до Министерството за култура, Градот Скопје на чело со Градоначалникот г.Орце Ѓорѓиевски, како и до сите скопски општини, за нивната поддршка, соработка и придонес во реализацијата на оваа значајна духовна и народна манифестација.

Голема и искрена благодарност изразуваме до сите волонтери, помагатели и поддржувачи кои со огромна посветеност, љубов и труд придонесоа Бадниковите поворки 2026 во Скопје да бидат достоинствени, радосни и незаборавни. Посебна благодарност упатуваме до нашите поддржувачи: Кроација осигурување, Вени груп, Пекара 10-ка, Дуо транспорт, Тим – Монт, Мако маркет, Библиотека, Пакет, Фоја, Маган-Мак, Црвен Крст, Флекси Тим, Драква ДОО.





➢ Во исто време, свечени Бадникови поворки со учество на илјадници деца и нивните семејства се организираа и во 80 градови и населени места во Македонија и тоа во: Битола, Охрид, Кичево, Прилеп, Струмица, Штип, Тетово, Гостивар, Струга, Кочани, Радовиш, Виница, Ресен, Свети Николе, Неготино, Демир Капија, Кавадарци, Куманово, Дебар, Македонска Каменица, Делчево, Крушево, Крива Паланка, Валандово, Дојран, Берово, Новаци, Кривогаштани, Требеништа, Велгошти, Лескоец, Карбинци, Гевгелија, Вратница, Одри, Рогачево, Старо село, Беловиште, Брвеница, Богданци, Ростуше, Штука, Раклиш, Ново Село, Василево, Банско, Ангелци и

Градишорци, Спанчево, Враништа, Дрслајца, Трпејца, Пештани, Пробиштип, Велес, Општина Гази Баба, Општина Центар, Општина Карпош, Општина К.Вода, Општина Бутел, Општина Аеродром, Општина Ѓорче Петров, Општина Илинден, Општина Петровец, Општина Зелениково, Лозово, Сопиште, Пчиња, како и во македонската дијаспора во Словенија, Италија, Австрија и Соединетите Американски Држави.

Во сите поголеми градови во Македонија, исто како и во Скопје, поворката беше крунисана со празнични концерти на пригодни божиќни песни во кои учествуваа локалните ѕвезди и хорови.

Нека оваа пренесена празнична радост ни биде расположение кое ќе не' следи целата година. Сите заедно да му благодариме на Бога што и оваа година повторно можевме да ги прославиме Бадник и Божик заедно и во полн сјај.




Гостивар


Дебар


Берово


Банско


Гевгелија


Кичево


Кавадарци


Виница


Валандово


Дојран


Новаци


Овозможено од:
Stojan Stojanovski 2S
БАДНИКОВИ ПОВОРКИ 2026 - ОХРИД
OHRID INFO
www.ohridinfo.com


Струга
Bonatti
fancy fashion


Прилеп


Струмица


Пробиштип













Фотографиите од Бадниковите поворки од Скопје и од останатите градови се преземени од Fan страната на Бадникови поворки на Facebook.

➢ На 11. јануари 2026 година во кино Фросина, се случи вистинска Божикна магија со изведбата на претставата-мјузикл „Божикна авантура“. Како дел од неа детските гласови на „Златно славејче“ и на градскиот детски хор „Лале“ од Тетово, со солистката Нела Манчевска, го исполнија просторот со чистота, радост и надеж. Во тие мигови, Божик не беше само празник – беше чувство што нè прегрна сите. Со секоја нота, со секој збор и секоја насмевка на сцената, се потсетивме дека најголемото богатство не се наоѓа во нешта, туку во љубовта, сплотеноста и светлината на чистото срце.

Приказната за Ана, Сара и Марко, оживеана преку актерите Калина Бошковска, Нина Младеновиќ и Иринеј Ковчиќ, нè поведе низ градот на снегулките и нè врати таму каде што сè започнува – во верата, во детската искреност и во божествената љубов.

Мјузиклот беше реализиран во режија на актерот Владо Дојчиноски, со драматургија на Билјана Крајчевска и сценографија на Зоран Тошески. Претставата е создадена според книга чија идеја е на Ангел Мицевски, а текстот е дообликуван од Марија Ангеловска Дангева. Оваа вечер немаше да биде иста без несебичната посветеност на Ансамбл „Симбиоза“, актерите, музичарите, волонтерите и сите што два месеци тивко и со многу љубов ја градеа оваа бајка.

Ние сме благодарни што и оваа година заедно ја живеевме мисијата – достоинствено да го најавиме Христовото Раѓање, низ детска радост и народна љубов. Со надеж дека оваа Божикна радост ќе продолжи да нè обединува – дома, на улица, во секојдневието. Изразуваме голема благодарност до Град Скопје и Младински културен центар – МКЦ за отстапениот простор.





























4. Финансиски извештај

Ве известуваме дека завршната сметка на Здружението „Бадникови поворки“ за 2025 година беше изготвена согласно законските одредби и истата беше доставена до Централниот регистар на РСМ. Завршната сметка за 2025 година е приложена на крај од овој Извештај каков негов составен дел.

5. Годишниот извештај за работењето на Здружението Бадникови поворки е изработен и усвоен во месец март 2026 година.

Со почит,

Здружение „Бадникови поворки“ - Скопје

ЕМБС: 07182422
Целосно име: Здружение за возобновување на православните традиции БАДНИКОВИ ПОВОРКИ Скопје
Вид на работа: 540
Тип на годишна сметка: Годишна сметка
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2025

Биланс на приходи и расходи

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)				422.930,00
202	- - Потрошени материјали				17.111,00
204	- - Други услуги				11.361,00
206	- - Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација				394.458,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)				261.899,00
212	- - Провизија за платен промет				8.040,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните				253.859,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)				60.980,00
224	- - Средства за опрема				60.980,00
233	- - Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот				28.208,00
235	- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)				774.017,00
236	- - Остварен вишок на приходи-добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235				13.950,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)				13.950,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252				787.967,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори				787.967,00

250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249				787.967,00
252	- - ВКУПНО (250+251)=239				787.967,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
10	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА,КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊАИ АКТИВНИ ПРЕСМЕТКОВНИ СМЕТКИ (011+018+019+020+021+022+023+024)		40.884,00		40.884,00
11	- - ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (012 до 017)		40.884,00		40.884,00
12	- - Жиро сметка		27.084,00		27.084,00
13	- - Благајна		13.800,00		13.800,00
42	- - ВКУПНА АКТИВА (001+010+028+035+038+041)		40.884,00		40.884,00
44	- - ПАСИВА - ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА				40.884,00
45	- - Деловен фонд				40.884,00
69	- - ВКУПНА ПАСИВА (044+046+047+051+062+066+067+068)				40.884,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година

Распоредување на резултатот

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
351	- - А. ОСТВАРЕН НЕТО ВИШОК -ДОБИВКА				13.950,00
353	- - Б. ОСТАТОК ОД НЕТО ДОБИВКАТА ЗА				13.950,00

	РАСПОРЕДУВАЊЕ (351-352)				
355	- - б) Дел за деловен фонд				13.950,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
4631	- 94.990 - Дејности на други организации врз база на зачленување, н.д.м.				787.967,00

Потпишано од:

ANDRIJANA ANGELOVSKA

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.